Бр./Nr 12-3437/2

09-11-2021 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 45та седница одржана на 02.11.2021 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата број 12-3437 од 02.10.2020 година, со наводи против др. ----------, Директор на ЈЗУ ----------------- **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, во пријавата нема јасни наводи за незаконити или недозволиви дејствија на службено лице при вршењето на јавните овластувања и службената должност, а бидејќи пријавата е анонимна, ДКСК нема можност да обезбеди дополнителни информации за наводите во истата.

Предметот со број 12-3437/1 од 02.10.2020 година да се затвори и архивира

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на непознат подносител, на ден 02.10.2020 година, поднесена е пријава против лицето -----------, Директор на ЈЗУ ------------- и оформен е предмет број 12-3437/1 од 02.10.2020 година.

Во пријавата, подносителот наведува дека во ЈЗУ ----------- се случуваат нерегуларности предводени од Директор на ЈЗУ ------------, др. --------. Пријавителот бара да се испита соработката на ЈЗУ ------------ со веледрогеријата -----------, односно како е склучен договорот за соработка со ---------- за изработка на одредени анализи, дали е побарана понуда за соработка од други лаборатории. Понатаму побарано е да се испита договор за деловно-техничка соработка со ------------ преку испорака на имунолошки анализатори, кој ќе се отплаќа преку набавка на реагенси.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во случајот, нема доволно податоци со кои би се конкретизирале пријавените наводи, односно нема информации која година е јавната набавка, како и кога е склучен договорот за истата, а

воедно нема можност да се обезбедат дополнителни информации за наводите во пријавата бидејќи станува збор за анонимна пријава.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: С.М
Одобрил: К.Н

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател
Билјана Ивановска